**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 02-2014/3
Датум: 05.04.2022

Врз основа на член 11, 30, 48 и 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20 и 215/21), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2015), Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2018), Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје број 09-62/1 од 03.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 09-62/7 од 17.12.2020 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-3637/3 од 01.07.2021 година, Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 2/2022**
**за пополнување на работно место со унапредување**

1. **Советник за издавање на одобренија за градба, доградба и надградба** со шифра на работно место УПР0101В01000- **1 (еден) извршител.**

Посебни услови предвидени за работните места утврдени со Законот за административните службеници и актот за систематизација:

**1. Советник за издавање на одобренија за градба, доградба и надградба** во Одделение за градежништво во Сектор за урбанизам, со шифра на работно место УПР0101В01000- **1 (еден) извршител;**

**а.** Стручни квалификации – ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Архитектура, урбанизам и планирање.

ул. Михаил Цоков бр.1 , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

**б.** Работно искуство:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката.

**в.** Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додаток на плата за звање на работно место Советник за издавање на одобренија за градба, доградба и надградба изнесува 26.313,00 денари.

Дневно работно време од 08.00 до 16.00 часот.

Работни Денови: Понеделник до Петок

Неделно работно време : 40 (четириесет) часа

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,

- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас.

- да поминал најмалку две години на истото ниво и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Рокот за доставување** на пријавите изнесува **5 (пет) дена**, сметано од денот на објавување на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или

-потврди за успешно реализирано менторство.

Пополнетата пријавата и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје до Одделението за човечки ресурси како и до службената електронска адреса coveckiresursi@centar.gov.mk.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој Оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**СЕКРЕТАР**
**Георги Трајчев**

ул. Михаил Цоков бр.1 , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk